Иницијатива

До:
**Министерот за транспорт**
**г-н Александар Николоски**
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, 1000 Скопје

Скопје, 21 август 2024 година

**Предмет: Барање за итно поништување на издаденото одобрение за градење УП1 бр. 47-560 од 18.01.2024 година од општина Карпош на инвеститорите ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје.**

Почитуван министре г-н Николоски,

Бараме од Вас итно да го поништите/огласите за ништовно одобрението за градење УП1 бр. 47-560 од 18.01.2024 издадено од општина Карпош на инвеститорите ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, како орган што со закон е овластен да врши надзор над работата на органот што го донел одобрението за градење, согласно член 124 став (4) од Законот за општа управна постапка и член 65 став (1) од Законот за градење кој вели дека против одобренија за градење издадени од градоначалникот на општината, жалба може да се изјави до министерството за транспорт, што би значело дека министерството е второстепениот орган кој според ЗОУП и би можел да го огласи за ништовно одобрението.

Причините се следни:

1. Позитивно конзерваторско мислење е услов за добивање на одобрението за градење УП1 бр. 47-560 од 18.01.2024 издадено од општина Карпош на инвеститорите ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје.

o2macedonia@gmail.com www.facebook.com/o2inicijativa/ Twitter: @O2inicijativa

Во посебните услови за изградба на ДУП Градска четврт З 05, општина Карпош, донесен на 06.11.2013 со одлука на Совет 07-7546/4, кој е на сила, за градежната парцела 6.1 е наведено дека инвеститорот пред издавањето на одобрението за градење треба да обезбеди стручно мислење од НУ Конзерваторски центар - Скопје и конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство.

2. Националната установа Конзерваторски центар – Скопје, на барање од Министерството за култура, на **21.02.2024** година донесе Решение бр.08-164/1 со кое се **ПОНИШТУВА** позитивното Конзерваторско мислење бр. 08-688/3 од 08.11.2023 година за Основен проект (Архитектура) - Домување во станбени згради ул. „Никола Русински“ бб, ГП 6.01, КО Карпош, Скопје, на инвеститорите ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје. Ова Решение е примено од општина Карпош на 22.02.2024 година, каде е наведено дека е за нивно понатамошно постапување.

На 12.03.2024 инвеститорите поднесуваат жалба до Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар – Скопје. На **20.03.2024** Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар – Скопје ја **ОДБИВА** жалбата со Решение бр. 02-242/3. Со тоа Решението бр.08-164/1 со кое се поништува позитивното Конзерваторско мислење е конечно. НУ Конзерваторски центар – Скопје го доставува Решението со кое се одбива жалбата до општина Карпош за нивно понатамошно постапување. Општина Карпош го примила на 21.03.2024.

На 28.3.2024 инвеститорите поднесуваат тужба пред Управниот суд. Согласно член 28 став (1) од Законот за управни спорови, тужбата не го спречува извршувањето на решението со кое се поништува позитивното конзерваторско мислење.

3. НУ Конзерваторски центар – Скопје на **27.05.2024** издава **НЕГАТИВНО** конзерваторско мислење бр. 08-371/3 за Основен проект (Архитектура) - Домување во станбени згради ул. „Никола Русински“ бб, ГП 6.01, КО Карпош, Скопје изработена од ГМС-Проект ДООЕЛ Скопје, на инвеститорите ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје.

4. Законот за општата управна постапка во членот 124 ги регулира причините поради кои еден управен акт може да се огласи за ништовен. Во причините

набројани во членот 124 се наведуваат и случаите во кои управниот акт со своето извршување би можел да предизвика некое дело казниво според Кривичниот законик и во други закони (член 124 став 1 алинеја 2) и што содржи неправилност, која според некоја изречена законска одредба е предвидена како причина за ништовноста (член 124 став 1 алинеја 6).

Издаденото одобрение за градење во целост ги исполнува претходно цитираните причини поради кои може да се огласи за ништовно поради следните причини:

- Немање позитивно конзерваторско мислење и мерки за непосредна заштита, остава можност за оштетување на привремено заштитеното добро Споменикот - Воена болница во Скопје, односно сторување на кривично дело од членот 264 став 1 од Кривичниот законик.

- Стручното мислење од НУ Конзерваторски центар - Скопје е неопходност за одобрението за градење, а во случајов позитивното мислење е поништено и ново негативно е издадено, врз чија основа не може да се има одобрение за градење.

Во член 125 став 1 од Законот за општата управна постапка е наведено дека со поништувањето на управниот акт и со огласувањето за ништовен се поништуваат и правните последици што ги произвел таквиот управен акт. Тоа значи дека со поништувањето на управниот акт - Конзерваторското мислење од НУ Конзерваторскиот центар - Скопје, и правните последици се поништуваат, а тоа е донесување на одобрението за градење УП1 бр. 47-560 од 18.01.2024.

5. Одобрението за градење е спротивно на член 59 и согласно член 62 од Законот за градење. Позитивното конзерваторско мислење од НУ Конзерваторски центар - Скопје, услов за негово добивање, е огласено за ништовно, а ништовноста предизвикува правна фикција како документот никогаш и да не постоел. Кога имаме правна ситуација како конзерваторското мислење никогаш и да не постоело, постапката за издаденото одобрение не би требало да се смета како целосна, односно дека постоеле сите документи, па оттука и одобрението е издадено спротивно на законот, односно треба да биде поништено.

Дополнително, издадено е ново негативно конзерваторско мислење, врз чија основа не смее да има одобрение за градење.

6. Градоначалникот на општина Карпош и надлежните служби во општината не постапуваат и не го поништуваат/огласуваат за ништовно одобрението за градење по службена должност, согласно Законот за општа управна постапка.

Градоначалникот Стевчо Јакимовски бурно реагираше медиумски на 29 октомври 2023, кога се изготви негативно конзерваторско мислење од НУ Конзерватрски центар - Скопје и изјави дека не може така, дека тоа било самоволие (https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/smeshno-e-tvrdeneto-deka-17-katnitsata-ja-zagrozuva-voena-bolnitsa-veli-gradonachalnikot-jakimovski-za-zgradata-za-2-000-zhiteli-srede-bolnichki-kompleks/). Мислењето не стана официјално и тогашниот в.д. директор Константин Димитровски, кој беше во притвор како соучесник во злосторничко здружение поради уништување на културно наследство, хотелот Шар Ан во Стара чаршија, неприфаќајќи негативно мислење, составува стручна комисија од три члена по негов избор која потоа го издава незаконското позитивно конзерваторско мислење на 8.11.2023.

Константин Димитровски е и член на Комисијата за урбанизам на општина Карпош, каде го одобрил и дава позитивно мислење за урбанистичкиот проект за објектот за кој потоа неговата установа, каде бил директор, издава позитивно конзерваторско мислење.

По поднесени претставки, се утврди незаконитоста на позитивното конзерваторско мислење од страна на министерството за култура и НУ Конзерваторски центар - Скопје и новата в.д. директорка на НУ Конзерваторски центар - Скопје го поништи. НУ Конзерваторски центар - Скопје потоа издаде негативно стручно конзерваторско мислење.

На терен интензивно се гради, со што се зголемува направената штета со секој поминат ден.

7. Како резултат на поднесена претставка до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) се формира предмет на 23.11.2023, а на **6.1.2024** ДКСК носи одлука предметот да се достави до **Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција**, каде е отворена истрага за издаденото незаконско позитивно конзерваторско мислење.

8. На 29.03.2024 до Министерството за транспорт и врски е доставено барање за поништување на одобрението за градење УП1 бр. 47-560 од 18.01.2024.

**Иницијатива**

Министерството на 05.06.2024 ни достави одговор дека на 23.02.2024 независните советнички во Советот на општина Карпош, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска поднеле барање до првостепениот орган за поништување на одобрението за градење УП1 бр. 47-560 и по донесување на соодветен управен акт по тоа барање ќе зависи понатамошното постапување на министерството.

На 18.07.2024 добиено е Решение бр.47-1902/3 по барањето од 23.02.2024 и дополнетото барање од 16.07.2024 од првостепениот орган, односно градоначалникот на општина Карпош, во кое СЕ ОДБИВА барањето со образложение дека подносителите на барањето немаат својство на заинтересирано лице, односно немаат статус на странка во конкретната управна постапка.

Врз основа на сите наведени причини и непостапување на градоначалникот и надлежните на општина Карпош по службена должност и непоништување на одобрението за градење, бараме од Вас итно да го поништите/огласите за ништовно одобрението за градење УП1 бр. 47-560 од 18.01.2024 издадено од општина Карпош.

Во прилог се доставени:

1. Посебните услови за изградба за градежната парцела 6.1 од ДУП Градска четврт З 05, општина Карпош, од 06.11.2013.
2. Решението со кое се поништува Конзерваторското мислење бр. 08-164/1 од 21.02.2024.
3. Применото Решение од страна на општина Карпош на 22.02.2024.
4. Решението бр. 02-242/3 со кое се одбива жалбата на инвеститорите од 20.03.2024.
5. Применото Решение од страна на општина Карпош на 21.03.2024.
6. Негативно Конзерваторско мислење бр. 08-371/3 од 27.05.2024.
7. Стручно мислење за градежната парцела ГП 6.1 во Заштитеното подрачје на Спомеником - Воена болница во Скопје.

**Иницијатива**

8. Одговор од министерството за транспорт и врски од 05.06.2024.
9. Решението бр.47-1902/3 од 18.07.2024 со кое се одбива барањето за поништување на одобрението за градење.

Со почит,

Здружение за истражување, едукација и креирање еко политики О2 ИНИЦИЈАТИВА Скопје

Булевар Партизански одреди бр. 72А/41, Скопје-Карпош

Овластено лице: Невена Георгиевска, претседател

o2macedonia@gmail.com www.facebook.com/o2inicijativa/ Twitter: @O2inicijativa